Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација
Бр. 14-985/14
14.05.2021 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E SHOQËRISË INFORMATIKE DHE ADMINISTRATËS
Примено: / E pranuar: 14-05 2021
Орг. Един. / Nj. org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlera
14-985/14

# Записник од 28-та седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Место на одржување** | Online седница | | |
| **Датум** | 22.04.2021 година | **Време** | 11.00 – 12:30 часот |
| **Бр. на седница** | 28-ма седница | | |
| **Состанокот го води** | Димитар Буковалов, претседател на НКБК | | |
| **Учесници** | **Поканети:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | **Присутни:**<br>1. Димитар Буковалов – претседател на НКБК<br>2. Анастас Мишев – зам.претседател<br>3. Боро Јакимовски – член на НКБК<br>4. Зоран Дервишов – член на НКБК<br>5. Славица Настеска – член на НКБК | |
| **Други присутни на состанокот** | Душко Петровски (ЦУК), Александар Јанакиески (Град Скопје), Даница Стојчевска (Канцеларија на ЕУ во Скопје), Ариан Ибраими, Платин Салиу, Севиме Џемаили (ЈП МРД), Зоран Мурџев, Љубен Талев и Милан Николовски (независни експерти) | | |
| **Логистичка поддршка** | Мишко Талески, Владимир Соколов, Ангел Симов и Букурије Јашари Мемети (МИОА) | | |

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог Записникот од седницата на НКБК одржана на 7.4.2021 година,
2. Дискусијата со претставник на Центарот за управување со кризи (ЦУК) за нивно можно користење на оптички капацитетите на идната државна Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ)
3. Дискусија со претставник на Град Скопје во врска со проектот Skopje Smart City
4. Дискусија со преставници на АЕК во однос на:
- додавање на урбани и рурални области во Системот на АЕК за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Заводот за статистика),

- воведување категоризации на деловни субјекти во Системот за поддршка на имплементација на НОБП, согласно официјалната категоризација на деловни субјекти од Централен регистар,
- на следното мапирање кои ќе се прави на постојни и планирани мрежи да се вклучат т.н "very high capacity network", согласно дефинициите во регулативите на ЕУ,
- цените на бродбенд услуги кои ги обезбедуваат операторите (согласно третиот Извештај на НКБК).

5. Разно

[redacted]

**Тек на седницата**

Претседателот на НКБК, Димитар Буковалов ја отвори 28-та редовна online седница на Националната канцеларија за бродбенд компетентност (НКБК), при што утврди дека се присутни членовите на НКБК, со што телото може полноважно да одлучува.

Тој го образложи предложениот дневен ред за седницата (доставен претходно електронски) и истовремено информира дека од страна на Зоран Дервишов е предложена измена во точка „Дискусија со преставници на АЕК во однос на " алинеа 2, односно „додавање локации на малите и средни компании во Системот за поддршка на имплементација на НОБП (согласно податоци од Централен регистар)", да се промени со „воведување категоризации на деловни субјекти во Системот за поддршка на имплементација на НОБП, согласно официјалната категоризација на деловни субјекти од Централен регистар".

Исто така беа предложени две нови точки во дневниот ред и тоа:

Втора точка да биде: "Дискусијата со претставник на Центарот за управување со кризи (ЦУК) за можно користење на оптички капацитетите на идната Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ)" - од аспект на реализација на исклучително важни за државата постојни/идни проекти на Центарот за управување со кризи (поврзување на 112 центрите, развој на мрежата за известување/тревожење, видео надзор, поврзување со најразлични видови на сензори итн).

Трета точка да биде: "Дискусија со претставник на Град Скопје во врска со проектот Skopje Smart City" - со цел запознавање со идните активности на НКБК (пр. поставување државна кабелска канализација, поставување државен бесплатен WiFi, промена на сет на закони поврзани со градење итн), а во функција на имплеменатција на проектот Skopje Smart City.

Вака изменет дневниот ред беше едногласно усвоен од членовите на НКБК.

**За првата точка од дневниот ред,**

Во рамките на првата точка, членовите на НКБК едногласно го усвоија записникот од 27-та седница одржана на 07.04.2021 година, без забелешки.

**За втората точка од дневниот ред,**

Во рамки на втората точка од страна на Димитар Буковалов беше поканет претставникот на ЦУК г-дин Душко Петровски а со цел проширување на соработката помеѓу НКБК и ЦУК. Димитар нагласи дека иницијативата за соработка помеѓу НКБК и ЦУК потекнува од Сања Фрковиќ Гелевска од ЕУ канцеларијата. Г-дин Душко Петровски даде краток осврт на активностите/проектите на Центарот за управување со кризи. Тој информираше дека имплементацијата на проектот за службата за итни повици 112 е во тек и дека се планира да заврши до крај на годината. Истиот ќе се одвива преку 8 оперативни центри за кои е потребно телекомуникациско поврзување. Во однос на активностите околу модернизацијата на центрите за тревожење, тој нагласи дека тоа е во фаза на реализација, и дека на сирените за тревожење им е потребно телекомуникациско поврзување. Членовите на НКБК истакнаа дека фокус на НКБК е имплементација на НОБП, односно изградба на Национална транспортна оптичка мрежа (НТОМ) за поврзување на институциите во државата. Со цел да се обезбеди синергија и координација во имплементацијата на НОБП и потребите на ЦУК од телекомуникациско поврзување беше договорено одржување на посебен состанок.

**За третата точка од дневниот ред,**

Во рамки на трета точка збор зеде Александар Јанакиевски – претставник од Град Скопје. Тој објасни околу законските надлежности на Градот за поставување на оптички кабли/кабелска канализација и дека тие како локална управа се спремни да излезат во пресрет на централната власт за реализација на Националниот оперативен бродбенд план. Александар Јанакиевски даде краток осврт на проектот Skopje - Smart City.

Димитар Буковалов се осврна на проектот Skopje Smart City од аспект на обезбедување на WiFi поврзување на одредени локации во градот. Од причина што согласно НОБП и во Програмата за работа на Владата се планира обезбедување на Државен бесплатен WiFi, добро би било да се координираат активностите за да нема преклопување.

Зоран Дервишов постави прашање околу коридорите за полагање на телекомуникациски кабли, односно дали тие се достапни за увид. На тоа претставникот од Град Скопје потврдно одговори, нагласувајќи дека можно е поместување на трасите во зависност од потребите.

Димитар Буковалов на крај истакна дека се планира започнување на процес на промената на законската и подзаконската регулатива за градење и електронски комуникации, во насока на усвојување поедноставни процедури за инвеститорите/операторите особено за најновата 5G технологија и оптичка инфраструктура.

Со цел да се обезбеди синергија и координација во имплементацијата на НОБП и проектот Skopje - Smart City, исто така беше договорено одржување на посебен состанок помеѓу НКБК и Град Скопје.

**Заклучок 1:** НКБК да воспостави и одржува континуирана соработка со Центарот за управување со кризи во насока на координација на тековните и идните проекти поврзани со имплементацијата на НОБП и потребите на ЦУК од телекомуникациско поврзување.

**Заклучок 2:** НКБК да воспостави и одржува континуирана соработка со Град Скопје во насока на обезбедување синергија и координација во имплементацијата на НОБП и проектот Skopje - Smart City.

**За четвртата точка од дневниот ред,**

Поради отсуство на претставници на АЕК, оваа точка се одложува за наредната седница.

**За петтата точка од дневниот ред,**

Во рамките на точката „Разно" не се отворија теми за дискусија.

Записникот го водеше претседателот на НКБК

**Димитар Буковалов** ____________________